**20101713714**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2010 година.

Бр. 07-5277/1
29 декември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2003 и 161/2009), во членот 11 став 1 алинеја 3 пред зборот “програма“ се додава зборот “годишна“.

Алинеите 10 и 11 се бришат.

Член 2

Во членот 13 став 1 алинеја 2 пред зборот “програма“ се додава зборот “годишна“ и пред зборот “финансиски“ се додава зборот “годишен“.

Алинејата 5 се менува и гласи:

“- го донесува Актот за систематизација и внатрешна организација на Агенцијата,”.

Алинеите 8 и 9 се менуваат и гласат:

“- одлучува за правата, обврските и одговорностите на вработените во Агенцијата,

- се грижи за законито работење и трошење на финансиските средства,”.

Во алинејата 11 по зборот “со“ се додаваат зборовите: “овој закон и“.

Член 3

Поглавјето: "СТРУЧНА СЛУЖБА НА АГЕНЦИЈАТА" се менува и гласи: "ПРАВА, ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ".

Членот 15 се менува и гласи:

"Вработените во Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија имаат статус на државни службеници и во однос на нивните права, должности и одговорности се применува Законот за државните службеници."

Член 4

Актот за систематизација на работните места и внатрешната организација на Агенцијата ќе се донесе во рок од 30 дена по влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".